Врз основа на членовите 135 став (4), 137 став (3), 140 став (6) и 141 став (2) од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/2004), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за постапката за издавање дозвола за усогласување со оперативен план

## *I. ОПШТИ ОДРЕДБИ*

### Член 1
### Предмет

(1) Со овој правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на доставување на барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативен план и документацијата која се приложува кон барањето; содржината на оперативниот план; содржината на дозволата за усогласување со оперативен план и начинот на водење како и начинот и постапката на кој се доставуваат податоците за Регистарот и постапката за преговарање и постигнување согласност за содржината оперативниот план и рокот за реализација на оперативниот план

## *II. ФОРМА , СОДРЖИНА И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ОПЕРАТИВЕН ПЛАН И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПРИЛОЖУВА КОН БАРАЊЕТО*

### Член 2
### Начин на поднесување на барањето

(1) Заради прибавување дозвола за усогласување со оперативен план (во понатамошниот текст: дозвола), операторот на инсталацијата поднесува барање за добивање дозвола (во понатамошниот текст: барање)

(2) Операторот на инсталацијата која врши активност од Прилог 1 од Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интерирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план и временскиот распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план (во понатамошниот текст: Уредба), односно Прилог 2 доколку инсталацијата се наоѓа во заштитено подрачје, барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативен план го доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(3) Операторот на инсталацијата која врши активност од Прилог 2 од Уредбата, барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативен план го доставува до градоначалникот на општината односно градоначалникот на Град Скопје, во зависност од подрачјето на кое се наоѓа инсталацијата.

(4) Доколку инсталацијата која врши активност од Прилог 2 од Уредбата, се наоѓа на подрачјето на две или повеќе општини односно Градот Скопје, операторот за добивање дозвола го доставува до градоначалникот на општината односно градоначалникот на Град Скопје на чие подрачје се наоѓа поголемиот дел од инсталацијата.

(5) Операторот на инсталацијата го доставува барањето од став (1) од овој член, во согласност со временскиот распоред определен со Уредбата.

(6) Операторот на инсталацијата барањето од став (1) од овој член, го доставува во писмена и во електронска форма и тоа:

- шест оригинални примероци од барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативен план за инсталација која врши активности од Прилог 1 од Уредбата, или
- три оригинални примероци од барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативен план за инсталација која врши активности од Прилог 2 од Уредбата .

**Член 3**

**Содржина на барањето за дозвола за усогласување со оперативен план за инсталацијата која врши активност од Прилог 1 од Уредбата**

(1) Барањето за издавање дозвола за усогласување со оперативен план за инсталацијата која врши активност од Прилог 1 од Уредбата содржи:

1. Податоци за операторот односно подносителот на барањето;
2. Податоци и опис на инсталацијата, нејзините технички делови и директно поврзаните активности;
3. Податоци за управување и контрола на инсталацијата;
4. Податоци за суровини и помошни материјали, други супстанции и енергии употребени или произведени во инсталацијата;
5. Податоци за ракување со материјалите;
6. Податоци за емисиите;
7. Опис на состојбата на локацијата и влијанието на активноста на инсталацијата;
8. Опис на технологиите и другите техники за спречување или доколку тоа не е можно, намалување на емисиите на загадувачките материи;
9. Опис на точките на мониторинг на емисиите и земање на примероци ;
10. Еколошки аспекти и најдобри достапни техники;
11. Опис на други планирани мерки од превентивен карактер;
12. Ремедијација, престанок со работа на инсталацијата, повторно започнување и грижа за животната средина по престанокот на активностите;
13. Резиме на податоците од 1 до 12 без податоци од технички карактер;
14. Изјава
15. табеларни прикази и прилози потребни за образложување на наводите содржани во барањето.

(2 ) ) За податоците од став (1) од овој член, операторот треба да поднесе соодветна документација

(3)Покрај податоците од став (1) од овој член, во прилог на барањето за дозвола за усогласување со оперативен план за инсталацијата која врши активност од Прилог 1 од Уредбата, операторот приложува и детален нацрт-оперативен план како и финансиски план за реализација на нацрт-оперативниот план.

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да побара од операторот, тој да го дополни барањето и со други податоци кои не се содржани во став (1) и став (3) од овој член, доколку таквите податоци се неопходни за појаснување на податоците од барањето.

**Член 4**

**Содржина на барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативен план за инсталацијата која врши активност од Прилог 2 од Уредбата**

(1) Барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативен план за инсталацијата која врши активност од Прилог 2 од Уредбата ги содржи податоците од член 3 став (1) и став (3), со исклучок на податоците од член 3 став 1 точка 10 и точка 13 од овој правилник.

**Член 5**

**Формата на барањето**

(1) Барањето од член 2 од овој правилник, се доставува во формата утврдена во образец даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник .

(2) Барањето од член 4 од овој правилник, се доставува во формата утврдена во образец даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник

**Член 6**

**Доверливи информации**

(1) Операторот може да ги нагласи документите или нивни делови кои ги смета за доверливи трговски и индустриски информации во согласност со член 55 став (2) точка 4 од Законот за животна средина.

(2) Операторот ги образложува причините за доверливост на документите на надлежниот орган од член 2 став (3) и (4) од овој правилник.

(3) Документите и образложението на причините за доверливост на документите од став (1) и став (2) од овој член, операторот ги доставува ко барањето за издавање дозвола, во посебен коверт со назнака определена согласно прописите за пристап до информации.

(4) Документацијата која содржи доверливи трговски и индустриски информации во врска со инсталацијата, се даваат на увид на јавноста, само по претходна писмена согласност на операторот..

## *III.* СОДРЖИНА ОПЕРАТИВНИТЕ ПЛАНОВИ

**Член 7**

**Содржина на оперативниот план**

(1) Конечната содржина на оперативниот план се определува во согласност со член 9, 10 и 11 од овој правилник

(2) Оперативниот план е утврден во образецот во Прилог 3 кој е составен дел од овој правилник.

## IV. СОДРЖИНА ДОЗВОЛАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

**Член 8**

**Содржина на дозволата за усогласување со оперативен план**

(1) Дозволата за усогласување со оперативен план особено ги содржи следните податоци:

1. Инсталација за која се издава дозволата;
2. Работа на инсталацијата;
3. Документација;
4. Редовни извештаи;

5. Известувања;
6. Емисии;
7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води;
8. Услови надвор од локацијата;
9. Програма за подобрувања/оперативен план;
10. Договор за промени во пишана форма;
11. Додатоци

(2) Условите определени во став (1) точка 9 од овој член, се утврдуваат посебно за секоја година во времетраењето на оперативниот план.

(3) Дозволата за усогласување со оперативен план,освен податоците од став (1) од овој член го содржи и оперативниот план од член 7 од овој правилник и финансиски план за реализација на оперативниот план.

(4). Дозволата за усогласување со оперативен план за инсталацијата која врши активност од Прилог 1 од Уредбата е утврдена во образец даден во Прилог 4 кој е составен дел од овој правилник.

(5) Дозволата за усогласување со оперативен план за инсталацијата која врши активност од Прилог 2 од Уредбата е утврдена образец даден во Прилог 5 кој е составен дел од овој правилник.

## *V. ПОСТАПКА ЗА ПРЕГОВАРАЊЕ И ПОСТИГНУВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН И РОКОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПЕРАТИВЕНИОТ ПЛАН*

### Член 9
### Отпочнување на постапката за преговарање

(1) Постапката за преговарање и постигнување на согласност за содржината на оперативниот план и за рокот за реализација на оперативниот план започнува, веднаш по поднесување на барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативен план од страна на операторот на инсталацијата со:

- одлука на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, доколку барањето се поднесува за инсталација која врши активност од Прилог 1 од Уредбата односно Прилог 2 доколку инсталацијата се наоѓа во заштитено подрачје (во понатамошниот текст: надлежниот орган за водење на преговорите), или
- одлука на градоначалникот на општината односно на Град Скопје, доколку барањето се поднесува за инсталација која врши активност од Прилог 2 од Уредбата, со исклучок на инсталациите од точка 1 од овој став (во понатамошниот текст: надлежниот орган за водење на преговорите).

(2) Во одлуката од став (1) од овој член надлежниот орган за водење на преговорите, за секое барање поединечно ја утврдува листата на прашања и обемот до кој може да се преговара за нив со операторот на инсталацијата, и тоа особено во врска со:

- усогласувањето со најдобрите достапни техники за инсталацијата и финансискиот план за реализација на оперативниот план и временскиот распоред за реализација, доколу барањето се поднесува за инсталација која врши активност од Прилог 1 од Уредбата, или
- финансиски план за реализација на оперативниот план, гранични вредности на емисии оделни фази на спроведување на

оперативниот план и временскиот распоред за реализација доколу барањето се поднесува за инсталација која врши активност од Прилог 2 од Уредбата

(3) Во одлуката од став (1) од овој член надлежниот орган за водење на преговорите, за секое барање поединечно се утврдуваат и членовите на преговарачкиот тим кои ги застапуваат инетересите на надлежниот орган.

**Член 10**
**Преговарање**

(1) По донесување на одлуката од член 9 став (1) од овој правилник, надлежниот орган за водење на преговорите, доставува до операторот покана во која особено се наведни времето местото и дневниот ред за одржување на првиот состанок за преговарање и постигнување на согласност за содржината и за рокот за реализација на оперативниот план.

(2) Преговорите во име на операторот ги води лицето на кое му се доверени или делегирани овластувања за донесување економски одлуки во врска со активноста или техничкото работење на инсталацијата или лице кое има полномошно да ги води преговорите во име и за сметка на операторот.

(3) Операторот е должен, на првиот состанок за преговарање да достави до надлежниот орган за водење на преговорите документ со кој го докажува својството од став (2) од овој член.

(4) Сите прашања кои нема да бидат разрешени на првиот состанок може да бидат префрлени за следниот состанок.

(5) За секој одржан состанок се води записник за текот на преговорите кој го потпишуваат учесниците во преговорите.

**Член 11**
**Постапка за консултирање на други надлежни органи**

Доколку во текот на преговорите надлежниот орган за водење на преговорите утврди дека определени прашања се во надлежност на друг орган односно органи, тој ќе ја запре постапката за преговарање и ќе достави известување за тоа, со цел да овозможи другиот орган да се произнесе во врска со прашањата од неговата надлежност.

.

## *VI. НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ДОЗВОЛИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ОПЕРАТИВЕН ПЛАН, КАКО И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА КОЈ СЕ ДОСТАВУВААТ ПОДАТОЦИТЕ НА РЕГИСТАРОТ*

**Член 12**
**Начин на водење на Регистарот на дозволи за усогласување со оперативен план**

(1) Регистарот на дозволи за усогласување со оперативен план за инсталации кои вршат активности од Прилог 1 од Уредбата односно Прилог 2 доколку инсталацијата се наоѓа во заштитено подрачје го воспоставува и води органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Регистарот на дозволи за усогласување со оперативен план за инсталации кои вршат активности од Прилог 2 од Уредбата го воспоставува и води градоначалникот на општината односно на Градот Скопје.

(3) Регистарот на дозволите за усогласување со оперативен план за дозвола за инсталација која врши активности од Прилог 1 од Уредбата, се води на начин на кој се овозможува чување и ажурирање на податоците за :

1. барањето за издавање дозвола, за документацијата приложена кон барањето, вклучувајќи и решението и податоците за дополнување на барањето;
2. мислењата и коментари добиени од постапување со барањето за добивање дозвола, вклучувајќи и податоци за мислењата и коментари добиени од објавата на барањето и од записниците за јавната расправа во врска со барањето, со образложение кои од мислењата и ставовите доставени од јавноста се земени предвид, а кои не се, како и причините за нивното неприфаќање;
3. решението со кое се отфрла барањето за издавање дозвола;
4. заклучокот од вршење на увидот во инсталацијата и нејзината работа заради утврдување на исполнувањето на барањата утврдени со дозволата ,
5. примерок од дозволата;
6. објавата на дозвола и мислењата и забелешките добиени по објавување на дозволата,
7. извештаи, записници решенија и други писмена кои се однесуваат на инсталацијата донесени во постапка за вршење инспекциски надзор врз инсталацијата;
8. резултати од мониторингот спроведуван согласно со задолжителните услови во дозволата;
9. барање за измена и решение за измените на дозволата;
10. барање за пренос и решение за пренос на дозволата;
11. решението за одземање на дозволата;
12. известувањето за намерата за престанок на работа на инсталацијата и планот со мерки за ремедијација за локацијата на која се наоѓа инсталацијата, како и решението донесено од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во врска со престанокот на работата на инсталацијата.
13. најдобрите достапни техники за тој вид инсталација;
14. сите писмена во текот на постапката за издавање, пренос или измена на дозвола, вклучувајќи и жалби изјавени во текот на постапката.

(4) Освен податоците од став 3 од овој член, регистарот на дозволите за усогласување со оперативен план за дозвола за инсталација која врши активности од Прилог 1 од Уредбата, се води на начин на кој се овозможува чување и ажурирање на податоците за:

- записници од преговорите за дозволата за усогласување со оперативен план помеѓу операторите и надлежниот орган за водење на преговорите
- усогласениот оперативен план; и
- извештајот од органот надлежен за вршење инспекциски надзор за исполнување на оперативниот план;

(5) Регистарот на дозволите за усогласување со оперативен план за инсталација која врши активности од Прилог 2 од Уредбата, се води на начин на кој се овозможува чување и ажурирање на податоците од став (3) и став (4) од овој член како, со исклучок на податоците од став (3) точка 13 од овој член.

(6) Регистарот од став (1) и став (2) од овој член се води како книга со тврди корици со повеќе листови меѓусебно поврзани и во електронска форма.

**Член 13**
**Начин на доставување на податоци**

(1)Лицата и органите кои ги поседуваат податоците и информациите или документацијата за упис во Регистарот од член 12 од овој правилник, веднаш, во писмена и во електронска форма, ги доставуваат до органот надлежен за водење на Регистарот, на негово барање.

(2) Градоначалникот на општината и на Градот Скопје, редовно, а најмалку еднаш месечно доставува во писмена и во електронска форма, ажурирани податоци за упис во Регистарот од член 12 став (1) од правилникот

## *VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА*

**Член 14**
**Влегување во сила**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2006 година.

МИНИСТЕР
Д-р Зоран Шапуриќ с.р.